ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ
при
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

# 70 ГОДИНИ –
## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Зборник на трудови од
VIII меѓународна научна конференција

# КРСТЕ МИСИРКОВ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА

28 и 29 јуни 2023 година, Скопје

I

Скопје, 2024

Редакција

д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов./ред. проф. (директорка на Институтот)

д-р Лидија Тантуровска, н. сов./ред. проф. (претседателка на Одборот)
д-р Борче Арсов, в. н. сор./вонр. проф. (секретар)
м-р Андријана Павлова, асистент-истражувач (секретар)
д-р Веселинка Лаброска, н.сов./ред. проф., дописен член на МАНУ
д-р Катица Трајкова, н. сов./ред. проф.
д-р Весна Костовска, н.сов./ред. проф.
д-р Снежана Петрова-Џамбазова, н.сов./ред. проф.

акад. Јан Соколовски (Вроцлав)
акад. Виктор Фридман (Чикаго)
д-р Вера Смоле (Љубљана)
д-р Емине Инанир (Истанбул)
д-р Маќеј Кавка (Краков)
д-р Ален Калајџија (Сараево)
д-р Жарко Бошњаковиќ (Нови Сад)
д-р Наталија Бороникова (Перм)
д-р Бранко Тошовиќ (Грац)
д-р Станислав Станковиќ (Косовска Митровица)
д-р Борјана Прошев-Оливер (Загреб)
д-р Јуси Нуорлуото (Упсала)

Почесни членови на Меѓународниот организациски одбор

д-р Мито Аргировски, н. сов.
д-р Љубица Станковска, н. сов.
д-р Марија Коробар-Белчева, н. сов.
д-р Димка Митева, н. сов.
д-р Васил Дрвошанов, н. сов.
д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов.

Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, одржана на 28 и на 29 јуни 2023 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Крсте Мисирков (8)
Зборник на трудови од VIII меѓународна научна конференција Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања. 1-2 : 28 и 29 јуни 2023 година, Скопје / [уредник Лидија Тантуровска]. - Скопје : Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков" – Скопје при Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2024. - 2 св. (324, 198 стр.) : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија и summaries кон трудовите

ISBN 978-608-220-087-3 (Кн. 1)
ISBN 978-608-220-088-0 (Кн. 2)

а) Македонски јазик -- Собири

COBISS.MK-ID 64483845

© Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2024

Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или на целото издание во печатените и во електронските средства за јавно информирање, или друг вид јавна употреба или изведба, без согласност на авторот или на издавачот.

УДК 811.163.3'367.332

Бојан Петревски
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Скопје

# ИНФОРМАЦИСКАТА СТРУКТУРА НА НЕГИРАНАТА ПРОСТА РЕЧЕНИЦА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Апстракт:** Во трудот се разгледува негацијата во простата реченица во македонскиот јазик од аспект на информациската структура. Во таа смисла, се издвојуваат три типа негација – реченична, конституентска и пресупонирана. Реченичната негација се однесува на предикатот, а конституентската – на кој и да е друг елемент, но и едната и другата ја засегаат ремата. Од друга страна, пресупонирата, како и реченичната, се однесува на предикатот, но е усвоена во претходен контекст, а на неа како рема се надоврзува остатокот од исказот. Што се однесува на позицијата, се покажува дека ремата во конструкциите со реченична и со пресупонирана негација е пофлексибилна одошто во конструкциите со конституентска негација.

**Клучни зборови:** информациска структура, негација, проста реченица, реченичен конституент, позиција

## Воведни белешки

Во трудот ќе биде разгледана релацијата меѓу синтаксичката негација и информациската структура, при што ќе бидат претставени карактеристиките на негираната проста реченица во македонскиот јазик. Во таа смисла, се застапува тезата дека карактерот на негацијата (реченична или конституентска) е нужно поврзан со информациската структура на реченицата. Во тој контекст, во граматичките описи на македонскиот јазик се издвојуваат два типа негација, на кои, како што ќе биде покажано, треба да се додаде трет, кој се разликува од нив токму на информациски план.

Осврнувајќи се на историјата на проучувањата на негацијата, Хорн (Horn 2001: 186), во сумирана форма, посочува дека разграничувањето меѓу реченичната и конституентската негација, чиј автор е Клима, има долга традиција. Таа почнува со дистинкцијата меѓу квалитативната и квантитативната негација, воспоставена од Гебоер во неговите анализи на старочешкиот. Во таа смисла, како што посочува Хорн (ibid.), квалитативната негација се реализира како негиран финитен глагол, што резултира со реченична негација, а квантитативната се фокусира на некој друг (неглаголски) конституент и може, но не мора да резултира со значење на реченична негација.

Јесперсен (Jespersen 1917: 69–71) применува слично разграничување, употребувајќи ги термините *верижна* и *специјална* негација (адаптација на *nexal* и *special negation*). Притоа, според него, т.н. специјалната негација се однесува на еден поим, а т.н. верижна негација – на комбинацијата меѓу поимите во реченицата. Хорн (ibid. ) поентира дека пристапите кон таа дистинкција, т. е. кон реченичната негација, може да се поделат на синтаксички и семантички, при што синтаксичкиот пристап се врзува со Јесперсен и Клима, а семантичкиот – со Џекендоф.

## Негацијата во простата реченица во синтаксичките описи на македонскиот јазик

Што се однесува на македонистичката литература, Минова-Ѓуркова (2000: 168) издвојува два основни типа синтаксичка негација, реченична и членска, при што забележува дека „реченичната негација се одликува со негирање на прирокот во реченицата“, а членската „се однесува на некој друг член на реченицата“. Сепак, со терминот *членска негација* Минова-Ѓуркова (ibid.) ги опфаќа само случаите во кои партикулата се врзува за некој друг елемент, а не за предикатот. Така, таа го разгледува примерот (1) со значење на реченична негација, а примерот (2) – на членска. Сепак, и конструкцијата во примерот (1) може да функционира со значење на членска негација (за која во натамошниот текст ќе се употребува терминот *конституентска негација*, како широко прифатен во лингвистиката). Во таа смисла, примерот (1) може да се толкува двојно. Реченична негација, која го засега предикатот, може да се парафразира со импликација на афирмиран предикат, од типот на ’претпоставките не се нешто со што се занимаваме, туку априори ги отфрлуваме‘. Конституентска негација, која се однесува на синтагмата *со претпоставки*, па може да се реализира и во варијантата (1а), исто така, може да имплицира афирмација: ’тоа со што се занимаваме не се претпоставки, туку сигурни информации‘.

(1) *Не се занимаваме со претпоставки.*

(2) *Не малку бев загрижен.*

(1а) *Се занимаваме не со претпоставки.*

Во врска со конституентската негација, Тополињска ги наведува примерите (3) и (4), за кои посочува дека целта е да се негира информацијата за место или за време и дека „тоа се постигнува со сместување на соодветните синтагми на ударна (иницијална или финална) позиција под кумулативен реторичен притисок“.

(3) *Оваа статија не сум ја пишувала* ***во Краков****.*

(4) ***Пред две години*** *не сум била во Краков.*

Тополињска (2009: 26) издвојува и „алтернативно негирање", при кое зборувачот ја посочува и информацијата што ја смета за вистинита наспрема негираната, „синтаксичкиот показател на негацијата се наоѓа директно пред негираната синтагма/синтагми, а обемот/зоната на негацијата се оценува според опсегот на алтернативната информација". Во два од примерите што ги посочува Тополињска негацијата го засега предикатот (5), (6). Од друга страна, забележува: „Сите елементи на една аргументска именска синтагма можат 'алтернатвно' да се негираат или со глаголска негација или со негација ставена директно пред негираниот елемент", по што посочува дека: „Негацијата изведена според вториот модел е поекспресивна". Во таа смисла, наведува две варијанти со негиран модификатор (*своиѿе*) на акузативна именска синтагма (7), (8)[1].

(5) *Иван (воопшѿо)* ***не*** *ја* ***чиѿа*** *книгаѿа, ѿуку ја ӣрелисѿува.*

(6) *Иван (воопшѿо)* ***не чиѿа*** *книга, ѿуку ӣрелисѿува некое сӣисание.*

(7) *Тој не ги криѿикува* ***своиѿе*** *сѿуденѿи, ѿуку сѿуденѿиѿе на својоѿ колега.*

(8) *Тој ги криѿикува* ***не своиѿе*** *сѿуденѿи, ѿуку сѿуденѿиѿе на својоѿ колега.*

**Дополнителни белешки за негацијата на простата реченица во македонскиот јазик**

Тезата во овој труд – дека карактерот на негацијата (реченична или конституентска) е нужно поврзан со информациската структура на реченицата и дека, во тој контекст, треба да се издвои и трет тип синтаксичка негација, ќе биде почетно илустрирана со една реченица што содржи прилошка определба за причина (9) и може да се негира на три (а не на два) начини (10), (11), (12).

(9) *Замина ӣоради ӣроблемиѿе.*

(10) *Не замина ӣоради ӣроблемиѿе. А се очекуваше да замине.*

(11) *Не замина ӣоради ӣроблемиѿе. Друго е ӣричинаѿа.*

(12) *Не замина ӣоради ӣроблемиѿе. Нема друга ӣричина.*

Во примерот (10) субјектот не заминал, а се очекува да замине затоа што има проблеми. Реченицата е со формално причинска, а значенски концесивна прилошка определба: 'не замина, иако имаше проблеми'. Во примерот (11) субјектот заминал, но причина за тоа не се проблемите (спротивно на очекувањата на адресатот), а во примерот (12), како и во примерот (10), субјектот не заминал, но овој пат причина за незаминувањето се проблемите, спротивно на примерот (10), каде што се очекува токму проблемите да бидат причина за заминување. Во примерот (12) фактот дека субјектот не заминал е

[1] За негацијата во македонскиот јазик в. и кај Цветковски (1990) и Петревски (2016).

пресупонирана информација, усвоена од адресатот во претходен контекст (во потесна или во поширока смисла), на која авторот се надоврзува со објаснување зошто не дошло до заминување.

На планот на информациската структура, во примерот (10), со реченична негација, се негира предикатот во функција на рема. Во примерот (11), со конституентска негација, се негира причинската информација во функција на рема. Во примерот (12), со пресупонирана негација, како рема, исто така, функционира прилошката определба за причина, но негацијата не се однесува на неа, туку на предикатот. Според тоа, пресупонираната негација се разликува и од реченичната и од конституентска негација затоа што кај неа негацијата е тема, релативно позната информација (или барем помалку ударна од остатокот на исказот), а кај реченичната и кај конституентската негацијата е рема, нова информација. Реченичната негација одговара на прашањето *Замина ли поради проблемите?*, конституентската – на прашањето *Поради проблемите ли замина?*, а пресупонираната – на прашањето *Зошто не замина?*. Во таа смисла, исказите со реченична и со конституентска негација функционираат како негативни одговори на афирмативни затворени (*да/не-*) прашања, а исказите со пресупонирана негација како одговори на негативни отворени прашања. Во таа смисла, само исказот со пресупонирана негација одговара на прашање што тргнува од ставот дека настанот не се реализира.

Што се однесува на терминологијата во врска со информациската структура, во согласност со гледиштата на Фирбас (Firbas 1992), под *комуникациски динамизам* се подразбира придонесот на јазичните единици за развојот на комуникацијата, под *тема* – елементот со најнизок степен на комуникациски динамизам, а под *рема* – елементот со највисок степен на комуникациски динамизам. Бужаровска (2021), која се повикува на Ламбрехт (Lambrecht 1994: 14), посочува дека се издвојуваат категорични и тетички искази, при што за тетичките укажува дека воведуваат нов партиципант во дискурсот (презентациски конструкции) или соопштуваат за нов настан. Таквата дискурсна функција им наметнува на овие реченици еднонделна именска синтагма, во која целата реченица претставува рема. Сепак, доследно на гледиштата на Фирбас, дури и во т.н. тетички искази, само еден елемент го понесува интонацискиот центар и функционира како поударен од сите други информации (дури и сите да се сосема нови), што може да го варира карактерот на негацијата.

Се покажува дека на конституентска негација може да се подложат сите реченични елементи, како што покажуваат примерите (13), (18)[2].

(13) *Потајно верував дека на иконата во ќошот на нашата спална не е* ***светецот Никола*** *туку чичко ми премаскиран во светец и со залепена брада.* (СЈ)

(14) *Не* ***ја*** *бранев* ***Гертруда****, туку името на мојот народ.* (ПА)

[2] За негацијата на факултативните конституенти в. кај Гивон (Givon 2001: 381–382).

(15) *Не, не **ти** се лутам **тебе** туку на судбината која секогаш наоѓа начин да ја спростре сенката на неизвесноста над она што ќе посакам да го допрам за да проверам колку е мое!* (СИ)

(16) *Ѝ говореше **не повелнички**, одвисоко, туку едноставно, загрижено.* (ИТ)

(17) *Нека наврне, нека... – зборуваше старецот и изгледаше како веќе да не зборува **за луѓето**, туку за себе, а и како да беше на чисто дека тоа што го зборува не допира до нив.* (ГП)

(18) *Пропаѓајќи, тој ја извива раката (не веќе рака **оформена**, туку нешто налик на ембрионален екстремитет), очајнички замавна дaвеник, исчезнува, се претопува во зејтинестата смеса.* (АП)

Исклучок се концесивните прилошки определби, кои не се подложни на конституентска негација од семантички причини, како што покажуваат примерите (19) и (20). Во тој поглед, концесијата содржи негација, т. е., според дефиницијата на Назаренко (Nazarenko 2000: 21), таа е негирана причина или, според формулацијата на Тополињска (1997: 77), негација надградена врз причинската врска. Во таа смисла, таа може да се воопшти со парафразата ’причината ја има, но последицата не се реализира‘. Бидејќи содржи негација, таа е покомплексна од другите прилошкоопределбени значења (причината, целта, времето итн.), па затоа може да се негира само перифрастично, како што покажуваат варијантите (19а) и (20а), кои се можни[3].

(19) **Не успеа и покрај неискуството, туку и покрај крајно тенденциозните пречки.*

(20) **Дојде не и покрај обврските, туку и покрај здравствените проблеми.*

(19а) *Тоа што успеа е многу чудно, не толку поради неискуството, туку поради крајно тенденциозните пречки.*

(20а) *Замисли, дојде. Настрана што имаше обврски, туку ни здравствените проблеми не го спречија.*

Во врска со карактерот на негацијата и информациската структура, се поставува прашањето за позицијата на конституентите. Тенденцијата е во случаите со реченична негација, каде што предикатот е рема, неговата вообичаена позиција да биде медијалната (21) или финалната (22).

[3] Во поглед на ограничувањата во врска со негацијата, Ригел и др. (Riegel et al. 2014: 425–426) посочуваат дека во речениците со атрибутивна (секундарна) предикација негацијата ја засега неа, а не глаголот. Така, значењето на *Il n'est pas parti content* (*Не замина задоволен*) е ’замина, при што не беше задоволен‘ (конституентска негација), а не ’не замина, при што беше задоволен‘ (пресупонурана негација). Како што ќе биде покажано, прозодиската сегментација го менува опсегот на негацијата, која во *Не замина, задоволен* функционира како пресупонирана.

(21) *Тој **не ги покани** минатата година. А очекував да ги покани.*

(22) *Минатата година тој **не ги покани**. А очекував да ги покани.*

Во случаите со реченична негација, евентуалното поставување на предикатот во иницијална позиција служи за фокусирање, т. е. за истакнување на ремата (23). Кресел (Creissels 2006: 111–112; 129–164) го употребува во таа смисла терминот *фокусирање* (*focalisation*)[4], а Фирбас (Firbas 1992: 125) – поставување во преден план (*fronting*).

(23) ***Не ги покани** тој минатата година. А очекував да ги покани.*

Во случаите со конституентска негација, каде што рема е кој и да е друг елемент освен предикатот, негираниот елемент најчесто е во финална позиција. Во таа смисла, случаите од типот на (24) се многу почести од случаите од типот на (25), кои, евентуално, може да се јават како фокусирани.

(24) *Тој не ги покани **минатата година**, туку пред три години.*

(25) ***Минатата година** тој не ги покани, туку пред три години.*

Што се однесува на пресупонираната негација, каде што како рема функционира афирмативна информација што се надградува врз негираната, ремата, во принцип, се јавува во финална позиција (26). Сепак, и во тие случаи е можно поставувањето на ремата во иницијална позиција, како средство за фокусирање, како што покажува примерот (27).

(26) *Тој не ги покани **минатата година**. Не годинава.*

(27) ***Минатата година** тој не ги покани. Не годинава.*

Тесно поврзана со прашањето за позицијата е прозодиската издвоеност на конституентите во негираниот исказ. Според Комбет (Combettes 1998), прозодиската издвоеност служи за поделба на исказот на примарна и секундарна информација. Во таа смисла, прозодиски издвоените елементи се информациски секундарни, т. е. надвор од информациското јадро. Таа разлика може да се илустрира уште посликовито со варијантите во кои дел од исказот е прозодиски целосно осамостоен. Тие се можни само во случаите со пресупонирана, а не и со конституентска негација, како што покажува примерот (28), наспрема варијантата (29), која е исклучена, бидејќи конституентската негација може да се изрази само во прозодиски компактна варијанта (30)[5].

(28) *Тие не учествуваа. Во 2010., не во 2006. Во 2006 учествуваа.*

---

[4] За поимот *фокусирање* в. и кај Неве (Neveu 2004: 134 –135).

[5] За целосното прозодиско осамостојување на елементите на исказот Ружиќ (во Пипер, Антонић и др. 2005:564–568) го употребува терминот *парцелација*. Во стилистиката и во реториката се употребува терминот *хипербатон*, под кој се подразбира фигура на додавање зборови или синтагми кон реченици за кои се чини дека завршиле (Robrieux 2010: 139).

(29) **Тие не учествуваа. Во 2010., туку во 2006.*

(30) *Тие не учествуваа во 2010., туку во 2006.*

Најпосле, треба да се одбележи дека трите типа негација се јавуваат и во сложената реченица. Во таа смисла, примерите што послужија за почетна илустрација може да се трансформираат во сложени реченици, каде што структурата е различна, но значењето и информациската структура – идентични. Во примерот (31) негацијата е реченична затоа што го засега предикатот во главната дел-реченица во функција на рема. Во примерот (32) се однесува на зависната дел-реченица, која ја содржи причинската информација и функционира како рема, па е конституентска. Во примерот (33), каде што е пресупонирана, се однесува на предикатот во главната дел-реченица (како и во примерот 31), но е усвоена во претходниот контекст, а како рема функционира зависната дел-реченица.

(31) ***Не замина** затоа што имаше проблеми. А се очекуваше да замине.*

(32) *Не замина **затоа што имаше проблеми**. Друго е причината.*

(33) *Не замина **затоа што имаше проблеми**. Нема друга причина.*

**Заклучни белешки**

Карактерот на синтаксичката негација е нужно поврзан со информациската структура, од која произлегуваат три типа негација: реченична, конституентска и пресупонирана. Семантички, реченичната негација го засега предикатот, конституенската – кој и да е друг елемент, а пресупонираната (како и реченичната) – предикатот, но од аспект на информациската структура, реченичната и конституентската негација се однесуваат на ремата, а пресупонираната се издвојува по тоа што е усвоена во претходниот контекст. Трите типа негација се јавуваат во врска со сите реченични конституенти, од што отстапуваат концесивните прилошки определби, кои се покомплексни затоа што содржат негација, па негирањето на концесивната информација може да се изрази само перифрастично.

Во конструкциите со реченична и со пресупонирана негација, елементите се позиционираат од темата кон ремата, но оставаат простор и за фокусирање, т. е. за поставување на ремата и во иницијална позиција. Во конструкциите со конституентска негација позицијата на елементите е поограничена, при што ремата е речиси секогаш во финална позиција. Од друга страна, прозодиското осамостојување на елементите, кое е можно само во зоната десно од исказот, ги поставува надвор од информациското јадро, па во тие случаи не се подложни на конституентска негација.

Трите типа негација се јавуваат и во сложената реченица, при што реченичната негација го засега предикатот во главната дел-реченица во

функција на рема, а конституентската – (елемент на) зависната дел-реченица во функција на рема. Пресупонираната негација, пак, се однесува на предикатот во главната дел-реченица, но за разлика и од реченичната и од конституентската, ја претставува негираната информација како усвоена во претходниот контекст, на што како рема се надоврзува зависната дел-реченица.

**Користена литература**

Бужаровска Елени. 2021. „Информациската структура и синтаксата на простата реченица“. *Journal of Contemporary Philology 4 (1)*, Скопје: „Филолошки факултет Блаже Конески“, 41–58.

Минова-Ѓуркова Лилјана. 2000. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје: Магор.

Петревски Бојан. 2016. *Негацијата во каузалните реченици*. Скопје: Македонска реч.

Пипер Предраг, Ивана Антониќ и др. 2005. *Синтакса савременог српског језика: проста реченица*. Београд: Институт за српски језик САНУ.

Тополињска Зузана. 1997. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. книга 1, Синтакса, т. 2*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Тополињска Зузана. 2009. *Полски-Македонски граматичка конфронтација. Негација (9)*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Цветковски Живко.1990. „За негацијата од категоријален аспект“. *XVI научна дискусија на Семинарот за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 45–52.

Combettes Bernard. 1998. *Les constructions détachées en français*. Paris: Édition Ophrys.

Creissels Denis. 2006. *Syntaxe générale, une introduction typologique 1: catégories et constructions*. Paris: Hermes Science Publications.

Firbas Jan. 1992. *Functional Sentence Perspective in Written and Spoken Communication*. Cambridge: Cambridge University Press.

Givón Talmy. 2001. *Syntax: An Introduction, vol. I.*Amsterdam, Philadelphia: John Benjamins Publishing Company.

Horn Laurence R. 2001. *A Natural history of Negation*. United States: CSLI Publications.

Jespersen Otto. 1917. *Negation in English and other languages*. Copenhagen: A. F. Høst.

Lambrecht K. 1994. *Information structure and sentence form: topic, focus, and the mental representation of discourse referents*. Cambridge: Cambridge University Press.

Nazarenko Adeline. 2000. *La cause et son expression en français*. Paris: Édition Orphys.

Neveu Franck. 1998. *Dictionnaire des sciences du langage*. Paris: Armand Colin.

Martin Riegel, Jean-Cristophe Pellat et al. 2014. *Grammaire méthodique du français*. Paris: Presses Universitaires de France.
Jean-Jacques Robrieux. 2010. *Rhétoriques et argumentation*. Paris: Armand Colin.

**Извори**

ПА – Андреевски Петре М. 2007. *Небеска Тимјановна*. Скопје: Табернакул.
СЈ – Јаневски Славко. 1950. *Улица*. Скопје: Државно книгоиздателство на НР Македонија.
СИ – Ивановски Србо. 2006. *Синот*. Скопје: Македоника.
ГП – Поповски Глигор. 1973. *Бојан*. Скопје: Македонска книга.
АП – Александар Прокопиев. 1987. *Пловидба кон југ*. Скопје: Наша книга.
ИТ – Точко Иван. 1959. *Бојана и прстенот*. Скопје: Македоника.

## THE INFORMATION STRUCTURE OF THE NEGATED SIMPLE SENTENCE IN THE MACEDONIAN LANGUAGE

**Summary:** The paper discusses the negation in the simple sentence in the Macedonian language from the aspect of the information structure. In that regard, three types of negation are distinguished – sentential, constituent and presuppositional. The sentential negation refers to the predicate and the constituentone – to any other element, but both affect the rheme. On the other hand, the presuppositional negation, like the sentential one, refers to the predicate, but it is known from the previous context, and the rest of the statement is added as a rheme. The paper points out that the rheme in constructions with sentential and presuppositional negation has a more flexible position than in constructions with constituent negation.

**Keywords:** information structure, negation, simple sentence, sentence constituent, position